ТУРНИР НА РАКОМЕТНИ ВЕЛИКАНИ ВЕЛЕС

# БИЛТЕН



9ти Ноември 2022, Велес

Здружение на спортски ветерани - Велес

Агенција за млади и спорт

ОПШТИНА ВЕЛЕС

ФСВРМС
Федерација на спортски ветерани на Република Македонија
Скопје

# СОДРЖИНА




3 Вовед

4 Цели на турнирот

5 Организација на турнирот

7 За самиот турнир

11 Предлог мерки и сугестии

12 Препораки

13 Финансиски преглед

# ВОВЕД



Согласно Програмата и календарот на Федерацијата на спортски ветерани на РС Македонија и Националниот систем на натпревари на спортски ветерани (развоен проект) 2022 година, на 05.11.2022 година во спортската сала „Гемиџии“ во Велес, се одржа Третиот Турнир на Ракометни Великани Велес 2022 Велес и оваа година со меѓународно учество.

За раководител за организирање и спороведување на Турнирот е назначен Димитрија Андонов, Претседател на Здужението на спортски ветерани Велес. За реализација на истиот е формиран Организационен одбор во состав од 5 (пет) членови, со задача да ги спроведе сите неопходни подготовки за одржување на оваа многу значајна манифестација

# ЦЕЛИ НА ТУРНИРОТ

Одбележување и чествување на „9 Ноември“, ден на Општина Велес и ден на ослободувањето на градот Велес, во чест на паднатите борци за ослободување на Велес. Општина Велес оваа манифестација и оваа година ја вклучи во Програмата за чествување на Празникот.

Оддавање почит и искажување благодарност кон починатите и живи ракометни великани, кои го прославија овој спорт во градот, републиката и пошироко во поранешните југословенски простори.

Соработка и подршка на активностите на Агенцијата за млади и спорт на РС Македонија и Федерацијата на спортски ветерани на РС Македонија.

Активно учество на спортските ветерани на натпреварите според Програмата на Здружението и Федерацијата.
Организаирање на спортско и спортско рекреативни натпревари за поттикнување и збогатување на спортскиот живот на Општина Велес.



# ОРГАНИЗАЦИЈА НА ТУРНИРОТ

Организационен одбор:

1. Димитрија Андонов - Претседател
2. Пенчо Јаневски - член
3. Ристо Велковски - член
4. Петре Климкаров - член
5. Стефан Николиќ - член

Турнирот се одржува по пренесена надлежност од Федерацијата на спортски ветерани на РС Македонија Скопје, а во организација на Здружението на спортски ветерани Велес, со подршка на Општина Велес.

По обемната подготовка е пристапено кон конкретна реализација на Планот и Програмата за самиот Турнир. На Турнирот беа поканети 4 (четири) екипи: 3 (три) домашни машки екипи и 1 (една) странска машка екипа и тоа:

1. РК „Борец“Ветерани Велес - домаќин,
2. РК „Репрезентација на Р.Македонија“ Ветерани Скопје
3. РК „Повардарие“ Ветерани Неготино
4. РК „Кастриоти“ Ветерани Феризај Р. Косово



По обезбедување на учесниците за учество на Турнирот, се пристапи кон обезбедување на сите неопходни услови за одржување на манифестацијата и тоа:

- Спортска сала со сите придружни елементи (соблекувални за екипите и за службените лица)
- Технички помагала (семафор, озвучување)
- Службени лица за спроведување на натпреварите
- Медицинско возило со медицинска екипа
- Редарска служба
- Присуство на припадници на СВР Велес
- Професионален новинар како водител на турнирот со изработено Сценарио
- Покани со програма и распоред на натпреварите, со пропишани правила и пропозиции за поканетите екипи, гости, други правни субјекти и спортски организации и информативен Плакат
- Награди за учесниците (пехари за освоено прво место и пехари за учество)
- Признанија за учесниците, заслужни поединци (живи и починати) ракометни великани.

Турнирот беше медиумски покриен преку соопштенија на локално радио Голди, кое повеќепати во денот емитуваше информации за турнирот, гостување во живо на локалното радио каде се образложија сите детали за турнирот и со плакетирање на огласните места во градот.

# ЗА САМИОТ ТУРНИР

Како дел од Програмата на Општина Велес, Турнирот требаше да го отвори Градоначалникот на Општина Велес Г-дин Марко Колев, но заради негова зафатеност, Турнирот го отвори Г-дин Димитрија Андонов - Претседател на Здружението. На Турнирот присуствуваа: Претседателот на Здружението со раководството, Претседателот и членови на Управниот одбор на Здружението на спортски ветерани Велес, членови на Надзорен одбор на Здружението.

Иако поканети, на Турнирот не присуствуваа претставници на Федерацијата на спортски ветерани на Р. Македонија. На Турнирот присуствуваа по општа проценка околу 200 љубители на ракометниот спорт од Велес.
Турнирот започна на 05 (сабота) Ноември 2022 во 11 часот, а заврши на истиот ден (сабота) во 14 часот.

Натпреварите се одвиваа во две групи елиминатроски натпревари и финален натпревар за прво место и тоа:



Повардарие Неготино

Повардарие Неготино 12 — Репрез. на Р.Македонија Скопје 7

Борец Велес 8 — Повардарие Неготино 11

Репрез. на Р.Македонија Скопје 12 — Кастриоти Феризај Косово 11






**Конечна табела**

| | |
|---|---|
| 1 | РК Повардарие Неготино |
| 2 | РК Репрезентација на Македонија Скопје |
| 3 | РК Кастриоти – Феризај, Р Косово |
| 4 | РК РК Борец – Велес |

Според пропозициите на турнирот се играше 2 х 10 минути, а победниците од групите играа финале 2 х 15 минути.

За освоено прво место на победникот РК Повардарие од Неготино, му беше доделен пригоден пехар.

На останатите учесници им беа доделени пехари за учество.

Во рамките на оваа пригода, им беа доделени Признанија на заслужни поединци (живи и на семејствата на починатите) ракометни великани.











По завршување на Турнирот, беше организиран свечен ручок за учесниците, организаторот и поканетите гости.

На оваа несекојдневна убава спортска манифестација, по оценка на Организациониот одбор и на други присутни, истата помина во најдобро светло и во најдобар можен ред.

Турнирот беше финансиски подржан од Федерацијата на спортски ветерани на Р. Македонија преку Агенцијата за млади и спорт, од Општина Велес и од велешки фирми спонзори како: Изгрев Инжинеринг, Печатница ИВА 2003 Велес Пекара ВИГ Велес и Дисконт Риле од Велес.

Општа оценка е дека Турнирот се одржа во најдобар ред и организација.

Учествувањето на Турнирот на домашниот тим РК Борец Ветерани, побуди многу емоции и сеќавања на едно значајно време за ракометниот спорт во Велес и Р. Македонија, на спортските подвизи на велешките ракометни ветерани – Великани, на време и подвизи кои и до ден денес не се надминати.

# ПРЕДЛОГ МЕРКИ И СУГЕСТИИ

- Ваков вид на манифестации особено кога треба да се опфатат повеќе учесници и тајминг на активности, не е доволен еден ден, а особено ако сето тоа сакаме да прерасне во традиција со меѓународен карактер, мора да се обезбеди пристоен Буџет. Тоа значи дека за одржување на таков Турнир кој би се одвивал во два дена, потребни се минимум 250.000 денари во кои би се вкалкулирале и потребни средства за хотелско сместување на гости. Овие средства треба да се обезбедат и легнат на сметката на организаторот најмалку 30 дена пред почетокот на Турнирот. Со тоа ќе се надмине неизвесноста за обезбедување на финансиски средства, која е присутна се додека паричните средства не легнат на сметката на организаторот, што влијае на ефикасноста и оперативноста на организаторот.

- Агенцијата за млади и спорт на Македонија преку Федерацијата на спортски ветерани на Македонија треба да учествува со минимум 80% од вкупниот Буџет за Турнирот, а останатиот дел да биде како дел од Програмата на Општина Велес за 2023 година и донции и спонзорства од велешките фирми.

- Треба да се работи на ангажман на спонзори и донатори во севкупната работа на Здружението, со тоа на поефикасен начин ќе се регрутираат бројни програмски активности.

- Бараните средства треба да се резултат на детална и сеопфатна анализа на било кој дел од организацјата, за да не дојде до пропусти при одлучувањето на надлежните кога ја одредуваат висината на паричните средства кои имаат намера да ги донираат.

- Не треба да се почне со било какви подготовки на организацијата се додека бараните парични средства не бидат одобрени и префрлени на сметката на организаторот. Од висината на доделение парични средства ќе зависи и содржината на самата манифестација.

- Лицата што ќе оргнизираат и спроведуваат Турнирот мора стрикно да ги поделат улогите посебно во делот на самиот состав на домашните екипи и сите пропратни проблеми и потешкотии кои се јавуваат во тој дел на организацијата.

# ПРЕПОРАКИ

Во самиот состав за организација пожелно е да земат учество лица кои се од бизнис секторот иако е тоа исклучително тешко како и лица кои целосно ќе се посветат кон оваа не мала и лесна обврска.

По примерот на многу други и со години традиционални меѓународни турнири, пожелно е ако тоа воопшто е можно во вакви наши околности, да се пронајде Генерален покровител на Турнирот кој би ги олеснил многу оперативните и финансиските обврски што го пратат секој Турнир од ваков вид. Одржување на Турнирот да биде само 1 (еден) ден и со помал број учесници.

На крајот, Раководител на Турнирот треба да се бара од типот на личност што има капацитет и интегритет за организација и спроведување на оваква манифестација.

Претседателот и Секретарот на Здружението треба да пружаат секаква помош ако таа биде побарана од нив, но истите треба да бидат надвор од раководењето и спроведувањето на Турнирот. Тие треба да бидат вклучени поцелосно во реализацијата на другите програмски содржини на Здружението.

Едноставно тие ќе бидат тука за било каква советодавна или друга помош, но оперативниот дел на Турнирот да го спроведат и организираат други лица како дел од Организациониот одбор, кои тоа го сакаат, го прифааќаат и можат сето погоре да го исполнат.



# ФИНАНСИСКИ ПРЕГЛЕД

| Р. БР | СПОРТСКА МАНИФЕСТАЦИЈА | ТЕРМИН | ПОБАРАНИ ПАРИЧНИ СРЕСДТВА ЗА ЕДНОДНЕВНИ НАТПРЕВАРИ НА ТУРНИРОТ |
|---|---|---|---|
| 1 | Турнир на ракометни великани -9ти Ноември Велес | 05.11.2022 | 1. Одобрени парични сресдтва од Федерацијата на спортски ветерани на РМ/АМС/...............35.000,00 денари<br>2. Средства од Општината Велес..........................29.000,00 денари<br>3. Донации и спонзорства..............41.520,00 денари<br>**Вкупно обезбедени средства .............105.520,00 денари** |
| 2 | Потрошени парични средства | | 1. Награден фонд............ 11.800,00 денари<br>2. Организациски и тековни трошоци .......78.360,00 денари<br>**Вкупно трошоци....... 90.160,00 денари** |
| 3 | Рекапитулар | | Обезбедени средства.......... 105.520,00 ден<br>Вкупно трошоци..................... 90.160,00 ден<br>**Салдо...................................... 15.360,00 ден** |

14.12.2022 година

Здружение на спортски ветерани Велес
Претседател,
Димитрија Андонов



Велес, 2022

Здружение на СПОРТСКИ ВЕТЕРАНИ - ВЕЛЕС

Велес